Ново ♥ срце

Неделен Христијански Интернет Билтен Година IV. бр. 121, Дата: 05. 03. 2012.

## Бидете совршени



Пред отприлика една година светските медиуми излегоа со шокантна приказна за една мајка и незината ќерка. Имено мајката Кери Камбел на својата осумгодишна ќерка Британи Камбел, почнала да ја ињектира со таканаречените ботокс инекции, што се користат за затегнување на лицето против брчки. Идејата на „грижливата“ мајка била да й обезбеди на ќерка си подобар рејтинг во натпреварите за убавина за деца под десетгодишна возраст – активност што сама по себе го става расудувањето на мајката под знак прашалник.

Тоа е информација од белиот свет, ќе каже некој, од онаа „луда“ Америка каде што главниот збор го има Холивуд, а главниот оброк е сендвич со име на некојси Шкотланѓанец Мекдоналдс. Ние во Македонија и на Балканот имаме позрел кодекс на воспитување на нашите деца. По ова прашање можеби да, но што е со нашиот синдром на „моето дете мора да биде најдобро“ без разлика дали тој резултат ќе се постигне со мамење, подмитување или пак со врски?

Еве една илустрација на оваа тема. Додека седев и го пиев своето кафе во еден ресторан во скопскиот парк, на масата до мене група родители на цел глас ги дискутираа „успесите“ на своите деца. Не сакам да прислушкувам туѓи муабети, но децибелите од соседната маса не дозволуваа да не се чуе разговорот. Така една од мајките на цел глас изјави: „оваа мојава е стварно налудничава, јас й напишав расказ што го имаше за домашно по македонски јазик. Учителката й рекла дека е најдобриот расказ што го прочитала од третоделенец. А ќерка ми замислете и рекла, 'така е учителке, ниедно дете не може да пишува подобро од мајка ми.'“ Едно неодобрувачко-„Ааааа, како само можела луда низаедна?“ се развлече низ паркот.

Во овој контекст убаво е да се потсетиме на една поука што ги надминува времињата, културите и јазиците. Тоа е генијот на универзалната порака што Исус ја има за целиот свет. Во таа порака Исус од нас не бара да бидеме најдобри туку *совршени*. Која е разликата меѓу овие два поима?

„Најдобар“ со себе носи натпреварувачки дух; борба за поголема плата, слава, позиција... Да се биде „најдобар“ најчесто значи дека просторот на пиедесталот е толку мал што за никој друг нема место. Токму затоа се применуваат разни нечесни методи за да се постигне „најдобар“ резултат.

„Совршен“ пак, значи (ова е една од омилените теми на Исус) совршено да се љуби, да се има желба да се биде слуга на другите, да се положи животот за својот ближен, да се љубат непријателите. Со други зборови, „совршен“ не значи ***„да се биде*** најдобар“ и над другите, туку-***да се даде*** своето најдобро за другите.



Советот на Исус на родителите денес е на своите деца да ги поттикнуваат да бидат „совршени“ и во сé да го дадат најдоброто, а мотивацијата за тоа да биде благосостојбата на сите оние со што стапуваме во контакт, а и поширокото општество во кое живееме. Се разбира најголемиот поттик за децата да бидат совршени според Исус, е родителите да живеат таков „совршен“ живот.

Конечно, да го потврдиме ова цитирајќи го Исус: *„А Јас, пак, ви велам: љубете ги непријателите свои, благословувајте ги оние што ве колнат, правете им добро на оние што ве мразат и молете се за оние што ве навредуваат и гонат, за да бидете синови на вашиот Отец небесен; зашто Тој го остава Своето сонце да грее над лошите и над добрите, и праќа дожд на праведните и на грешните. ...Но бидете совршени, како што е совршен вашиот Отец небесен.”* (Евангелие по Матеј 5:44-45; 48).

**Автор: Д-р Коста Милков од Скопје**

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**